# ОБЈАВА ЗА ПЕЧАТ 19.11.2007г.

На ден 19.11.2007г. (понеделник) во 11:00ч. беше одржано прес-кафе со режисерката на бугарскиот филм „Истрага“, Иглика Трифонова и главната актерка од истоимениот филм, Светлана Јанчева.
На пресот се разговараше пред се за тежината и сложеноста на филмот како и за реакциите на публиката.
Инспирацијата за овој филм кај режисерката доаѓа од еден вистински настан за кој таа се заинтересирала и одлучила да напише сценарио, кое е многу прецизно и точно. „Истрага“ е криминалистички филм во кој на еден перфектен начин се опишани злосторството и казната. Иглика Трифонова се одлучува во главната улога да постави жена во машка професија која е силна личност, личност која сака да се докаже во машкиот свет, но од друга страна има потреба од емоции и љубов.
Овој филм е правен со многу љубов и во него има реплики и сцени и од приватниот живот на Иглика.
Филмот е добитник на главната награда на фестивалот во Котбус, Германија.

Истиот ден во 12:00ч. беше одржано и прес-кафе со продуцентот на босанскиот филм „Небо над пејзажот“, Алмир Сахиновиќ.
Тој говореше за начинот на кој го правеле филмот и како тој е прифатен во другите земји, со оглед на тоа дека е прв филм по војната во БиХ кој не ја опфаќа таа тематика. Било интересно што луѓето очекувале и од овој филм да дознаат нешто за војната во БиХ, а всушност се соочиле со една сосема друга приказна која е претставена на комичен начин.
Филмот се подготвувал три години бидејќи било многу тешко да се соберат средства за него. Дел од глумците се непрофесионални, т.е. некои мали улоги во филмот ги играат луѓе кои биле дел од екипата која работела на него и локалното население од селото во кое е сниман.
Филмот има добиено специјална награда од жири на филмскиот фестивал во Софија, а имал свои проекции и на фестивалите во Кан, Токио, Мотовун и Монтреал.

Во 17:00ч. се одржа работилница за шминка со гостинката од Словенија, Мојца Горогранц, за која имаше особено голем интерес.